Во согласност со член 42 став 3, од Законот за јавна внатешна финансиска контрола(Сл. весник на РМ бр.90/2009 год.) и член 16 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата (Сл. весник на РМ бр.136/2010год.), Единицата за внатрешна ревизија во Општина Берово изготвува,

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА – ПРОЦЕС НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА ''ДИМИТАР ВЛАХОВ'' ВО СЕЛО СМОЈМИРОВО

Б е р о в о М а р т 2018 г.

1.1. ***Предмет и цели на ревизијата***

Предмет на ревизијата е – Проектот реконструкција на улица ‘’Димитар Влахов’’ во село Смојмирово (од влез во селото од регионалниот пат Берово –Делчево Р 1302 до црква Св. Богородица) .

Цел на ревизијата е да се констатира како е спроведена постапката на проектот – Реконструкција на улица ‘’Димитар Влахов ‘’во село Смојмирово , од моментот на донесување на одлука за учество на јавен повик за користење на сретства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 322, па се до реализацијата на проектот. Целта на ревизијата , значи , е да се опише целиот тек на постапката на спроведување на предвидениот проект.

1.2. ***Опис на реализација на проект-Реконструкција на улица во село Смојмирово***

Владата на Република Македонија на седница на влада одржана на 21.12.2014 година, донесува –Програма за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година. Сретствата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година се обезбедени согласно Буџетот на РМ, преку Агенцијата за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој , разделени по повеќе програми , потпрограми и ставки . Сретствата од мерката 322- Обнова и развој на селата , се доделуваат како неповратна подршка за инвестиции за повеќе намени, како изработка на урбанистички планови за села, инвестиции за изградба на селски улици вклучително и атмосферска канализација со должина до 1км, како и инвестиции за изградба и реконструкција на плоштади, зелени површини, шеталишта во руралните средини . Корисници на сретствата за мерка 322, се единиците на локална самоуправа-рурално подрачје, единиците на локална самоуправа на чија територија се наоѓа рурална средина за која се однесува инвестицијата, како и планските региони. На седница на совет на општината одржана на 10.06.2015 година, советот донесува –Одлука бр. 09-1492/1 од 10.06.2015 год. за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на сретства од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 322. Исто така , советот донесува и –Одлука бр. 09-1493/1 од 10.06.2015 год. за давање на согласност за намена на инвестицијата од Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 год. за мерка 322. Со оваа одлука советот дава согласност да се аплицира за Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 год, за мерка 322, со проектот –Реконструкција на улица во село Смојмирово (дел од влез во селото на регионалниот пат Берово-Делчево Р1302 до црква Св. Богородица) . Градоначалникот на оштината донесува Одлука бр. 08-1478/1 од 10.06.2015год. за давање согласност на Одлуката на советот на општината за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на сретсва од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој. Вкупната вредност на проектот изнесува

- Претходни работи – 167.669,00ден

- Долен слој - 307.950,00 ден.

- Одводнување - 561.850,00 ден.

- Горен слој -4.272.400,00 ден

Вкупна вредност 5.309.869,00 ден.

Со број 05-1517/1 од 12.06.2015 година е архивиран предмет –Достава на Барање за користење на сретства од Програмата за финансиска подршка на руралниорот развој за 2015 година , на Јавен повик 04/2015 мерка 322. Споменатото барање во АФПЗРР е заведено под број 16-3837/1 од 12.06.2015год, и во прилог на барањето се доставени и сите потребни документи (осум броја) , од Барањето за користење на сретсва , Основен проект за реконструкција на улицата, Ревидирана проектна документација, Детална премер /пресметка со проектни цени, Геодетски елаборат, Согласност од советот на ЕЛС, Одлука за приоритет на проектот од Советот и Согласност на одлуката на советот за приоритет на проектот од градоначалникот. Значи, Општина Берово, од АФПЗРР-преку - Програмата за финансиска подршка на руралниот развој за 2015 година, добива Решение број 16-3837/8 од 24.12.2015 година, (наш број 05-1517/3 од 24.12.2015год) , за одобрување на барањето за финансиска подршка. Согласно спроведената јавна набавка, овие сретства се во износ од 4.671.989,00денари, без ддв и се 100% од вкупната одобрена вредност на инвестицијата која ги опфаќа прифатливите трошоци по извршената јавна набавка. **Данокот на додадена вредност е неприфатлив трошок и е на товар на барателот , односно на општината**. Барателот се задолжува во рок од 15 дена од приемот на решението , да потпише договор за финансиска подршка со Агенцијата.

Со број 05-1517/2 од 24.12.2015година е заведен Договор склучен помеѓу општината и Агенцијата, во кој се регулираат правата и обврските, помеѓу договорните страни. Вкупно одобрената вредност на инвестицијата е до висина од 4.671.989,00 денари, т.е. 100% од вкупно одобрената вредност на инвестицијата дадена во приложениот проект-Реконструкција на улица во село Смојмирово. Во член 4 од споменатиот договор стои дека корисникот на сретствата се обврзува да ја заврши инвестицијата од реконструкција на селска улица и да поднесе барање за исплата со потребната документација најкасно до 05.01.2015година, што практично не е возможно, и покасно кога е откриен направениот пропуст ,направен е и –Анекс на договорот(број 03-2837/1 од 23.12.2016 год), со што , рокот за да се заврши инвестицијата и да се поднесе барање за исплата на потребните сретства е продолжен , најкасно до 01.09.2017 година.

Во меѓувреме , општината спроведува и постапка за –Доделување на договор за јавна набавка на работи-Реконструкција на улица во село Смојмирово. По завршување на постапката за јавна набавка , како најповолен понудувач за извршување на предвидените работи се јавува фирмата –Стоименов Дооел-Кочани и со нив се склучува –Договор број 0307-268/15 од 26.10.2015 година. Вредноста на договорот изнесува 4.671.989,00 денари , без ддв, вредноста на ддв-то извесува 840.958,00 денари , односно вкупната вредност на договорот изнесува 5.512.947,00 денари. Конечната вредност на работите треба да се утврди со конечна пресметка која се

изготвува по примопредавањето на изведените работи , но не смее да биде поголема од првично дадената вредност од договорот . Стоименов како изведувач на предвидената реконструкција се обврзува сите работи предвидени во договорот да ги изврши во рок од 60 календарски дена , од денот на воведување на работа, а нарачателот (општината) ќе го воведе изведувачот во работа во рок од 7 дена по склучување на договорот. Општината како договорен орган се обврзува плаќањето да го изврши по доставена ситуација за завршена работа потпишана и заверена од надзорен орган овласен од Градоначалникот , во рок од 90(деведесет) дена од приемот во архивата на договорниот орган. Со започнување со работа и завршувајќи на дел од работите Стоименов изготвува –Прва времена ситуација со број 22-1457/1 од 01.06.2016 година, со вредност од 2.002.285,00 денари, ддв-360.411,00 денари и вкупна вредност од 2.362.696,00 денари. Оваа ситуација се однесува на работите завршени до мај 2016 година. Општината врши плаќање на споменатата ситуација и тоа пред предвидениот рок даден во договорот , и на

- 28.06.2016 год. врши плаќање во износ од			-600.000,00 ден.
- 12.07.2016 год.	-/-	износ од	-446.292,00ден. и
- 04.08.2016 год	-/-	износ од	-1.000.000,00ден.

Вкупен износ 2.046.292,00 ден.

Бидејќи –Првата времена ситуација е со вкупен износ од 2.362.696,00 денари , платени се 2.046.292,00 денари , по оваа ситуација спрема Стоименов Дооел , износот од 316.404,00 денари останува за доплата. **Оваа состојба е до денес**.

Општина Берово , како корисник на сретствата од Програмата за финансиска подршка за рурален развој 2015 г. Мерка 322, доставува - Барање со број 03-2742/1 од 13.12.2016год. за измена и дополнување на договор бр.16-3837/9 од 24.12.2015 год. Мерка 322, со кое ја известува Агенцијата дека во текот на имплементацијата на проектот во село Смојмирово се појавува состојба која не можела да се предвиди во моментот на склучување на договорот , поради што бара од Агенцијата да се измени и дополни Договорот бр 16-3837/9 и да се продолжи рокот за реализација на инвестицијата до 15.10.2017 година, **кое нешто за ревизијата упатува само на неискоординираност на лицата вклучени во реализација на проектот, бидејќи со Анекс на договорот(број 03-2837/1 од 23.12.2016 год), рокот за да се заврши инвестицијата и да се поднесе барање за исплата на потребните сретства(помеѓу општината и Агенцијата) е продолжен до 01.09.2017 година.**

Причина за споменатата состојба е што Општина Берово потпишува договор со Министерството за животна средина за изградба на фекална канализација на територијата на општината , која опфаќа изградба на фекална канализација во село Смојмирово. Еден од основните краци од фекалната канализациона мрежа минува низ улицата која што е предмет на изградба преку –Програмата за рурален развој за 2015 година. Во истовреме се започнува со реализација и на двата проекти за изградба на фекалната канализација и за изградба на улицата. За да се запазат градежните нормативи за тек на градба, изградбата на улицата се стопира, се додека не се заврши

изградбата на канализационата мрежа. Изградбата на улицата се очекува да продолжи веднаш по завршувањето на кракот на канализационата мрежа. Еден од главните пропусти на инвеститорот е што нема издадено Решение за вршење на стручен надзор на споменатиот проект од неговиот почеток. Решение за стручен надзор на овој проект е издадено на 04.07.2016год. заведено со бр.03 1685/1 , на лицето Ванчо Димовски , раководител на одделение за –Комунални дејности и заштита на животна средина. Оваа лице, е назначено за вршење на назор за изградба на улица иако е со несоодветна квалификација за вршење на потребниот надзор за изградба на улица. Во општината има голем број на инжињери кои се посоодветни за стручно вршење на овој вид на надзор . Понатаму, иако Ванчо Димовски е именуван за да врши надзор на проектот за изградба на улица во село Смојмирово, целокупната документација од реализацијата на проектот не му е достапна и предадена на увид, се до 23.02.2018 год. непосредно пред да отпочне ревизијата на споменатиот проект. Целокупната документација до наведениот датум , била кај лицата Марин Демировски и Зоран Нешкевски. Во тек на реализација на проектот, од поднесување на Барењето број 05-1517/1 од 12.06.2015 година– за користење на сретства од Програмата за финансиска подршка на руралниорот развој за 2015 година , изработено од лицето Ѓорѓи Пеовски, до предавањето на документацијата на Ванчо Димовски, сите барања за продолжување на проектот биле изготвувани од лицето Марин Демировски, во кое својство на ревизијата не и е познато.

Со отпочнувањето на реализацијата на Проектот за изградба на фекална канализација во село Смојмирово(Проектот- Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Берово) не е направен записник од страна на инвеститорот и изведувачот, **со кој ќе се прецизира**, со која динамика ќе се одвива изградбата на канализационата мрежа, односно, во кој временски рок ќе биде завршена изградбата(интервенцијата) од страна на изведувачот Конструктор ДОО Скопје , за да после тој рок се вклучи другиот изведувач, Стојменов Дооел , за да навреме ја заврши изградбата на улицата предмет на оваа ревизија.

Во меѓувреме се прави и Анекс договор број 10-2864/1 од 27.12.2016 год. на Договорот бр. 10-2224/7 од 22.10.2015год, склучен помеѓу Општина Берово и економскиот оператор –Стоименов Дооел, за реконструкција на улица во село Смојмирово, во кој член 4 од Договорот се менува и гласи –Изведувачот е должен сите работи предвидени со договорот да ги заврши најдоцна до 31.05.2017 година. Анексот на договор е доставен и потпишан и од изведувачот Стоименов Дооел-Кочани.

На 20.02.2017 година , општината добива –Известување број 22-370/1 – од надзорен инжињер , составен по најава на одговорен инжињер од страна на Стоименов Дооел , со кое ја известива општината дека голем дел од трасата каде поминува фекалната канализација по улицата која е предмет на изведба на Стоименов во село Смојмирово, не е вратена во првобитната состојба, кога истата била приготвена за ставање на горен слој, туку сега целата е раскопана , помешана со земја и со слегнувања на земјата на повеќе места, што значи дека Стоименов Дооел не може да ги изврши понатамошните работи. Во прилог има и слики од кои се гледа дека состојбата на теренот е навистина неподготвена за завршување на улицата.

По напред наведеното –Известување –општината не презема никакви активности .

На 08.05.2017 год. општината добива и друго –Известување заведено со број 22-998/1 сега од Стоименов Дооел, со кое ја известува општината дека до дадениот момент (25.04.2017 год.) немаат добиено известување дали на улицата во село Смојмирово е завршена фекалната канализација и дали се отстранети забелешките од претходното известување за да може Стоименов Дооел да продолжат со работа.

На горе наведеното Известување , општината доставува нејзино –Известување заведено со број 922/1 од 26.04.2017 год.(кое никако хронолошки не можеше да се поврзе со претходното известување добиено од Стоименов) и сега општината го известува Стоименов Дооел, дека согласно потпишаните Договор и Анекс договор, тие треба да продолжат веднаш со работа на улицата во село Смојмирово , бидејќи изградбата на фекалната канализација е завршена , а и продолжениот рок за доизградба на улицата е краток.

На 15.05.2017 год. општината повторно добива –Известување од Стоименов Дооел , заведено со број 22-1094/1, со кое ја известуваат општината дека тие биле на терен на улицата во Смојмирово и забележале дека ништо не е превземено за одстранување на забелешките констатирани во претходните известувања, и поради тоа тие неможат да продолжат со изградба на улицата.

Со број 22-1096/2 од 22.05.2017 год. општината доставува –Одговор по известување до Стоименов Дооел , со кое им го препраќа и електронското известување од Конструктор со кое Конструктор ја известува општината на 22.05.2017 година , дека тие уште на 08.05.2017 година ги имаат завршено градежните работи за изградбата на фекалната канализација во Смојмирово .

Стоименов Дооел и по оваа –Известување не се појавува на извршување на активностите за доизградба на улица во село Смојмирово. После тоа од општината следи известување заведено под број 22-1338/1 од 14.06.2017 год. во кое се известуваат дека се пробиени сите рокови преземени со договорот и Анекс-договорот , за доизградба на улица во село Смојмирово, и дека ако во рок од 7(седум) дена не продолжат со изградба на улицата, општината ќе биде приморана да ја активира Гаранцијата за сериозноста на понудата и дека ќе биде објавена негативна референца на ЕСЈН.

Истовремено , општината доставува –Известување број 08-1996/1 од 20.09.2017 год. и до Агенцијата за финансиска подршка во кое ги известува дека проектот – Реконструкција на улица во село Смојмирово, не е завршен од страна на економскиот оператор (Стоименов Дооел) во договорениот рок , и покрај тоа што се направени низа дописки и напори да се продолжи со изградбата на улицата и да се испочитува потпишаниот договор. Исто така до Агенцијата за финансиска подршка е доставено и – Барање број 03-1998/1 од 20.09.2017год. за измена и дополнување на договор број 16-3837/9 од 24.12.2015 год. Мерка 322, во кое ги известува за актуелната состојба. Во текот на имплементацијата на проектот –Реконструкција на улица во село Смојмирово, се појавила состојба која не може да се предвиди во моментот на склучување на договорот , односно додека се вршела изградбата на улицата во село Смојмирово од страна на изведувачот Стоименов Дооел-Кочани, општината потпишала и договор со Министерството за животна средина , за изградба на фекална канализација на територијата на општината . Еден крак од канализационата мрежа минува низ улицата

која е предмет на изградба преку програмата за рурален развој и започната е реализација и на двата проекта. За да се запазат градежните нормативи во текот на градбата , стопирана е изградбата на улицата , со цел веднаш кога се изгради фекалната канализација, се продолжи и со доизградба на улицата. Меѓутоа Стоименов Дооел , не ја продолжи изградбата на улицата и не ги заврши градежните работи во предвидениот рок даден во договорот , иако истиот е повеќе пати известуван. Од наведените причини општина Берово бара измена и дополнување на Анексот на договорот за финансиска подршка број 16-2635/7 од 14.12.2016 год. за продолжување на рокот за реализација на инвестицијат до 15.08.2018 год. На споменатото – Барање –нема никаков одговор од Агенцијата за финансиска подршка.

1.3. ***Заклучок***

Предмет на ревизијата е – Проектот реконструкција на улица ‘’Димитар Влахов’’ во село Смојмирово.

Целта на вршење на ревизијата е да се констатира како се реализира проектот – Реконструкција на улица во село Смојмирово , посебно , зошто проектот не е завршен и покрај тоа што сретствата за изградба на улицата биле обезбедени од Агенцијата- Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година за мерка 322, и истите останале неискористени.

Со преглед на целокупната документација, со разговор на лицата кои што биле вклучени во процесот како претставници од општината, за реализација на проектот – Реконструкција на улица во село Смојмирово, ревизијата констатира дека причини за да не се заврши проектот има повеќе.

- Факт е дека во текот на имплементацијата на проектот –Реконструкција на улица во село Смојмирово, додека се вршела изградбата на улицата во село Смојмирово од страна на изведувачот Стоименов Дооел-Кочани, општината потпишала и договор со Министерството за животна средина (овој договор на ревизијата не и беше доставен) , за изградба на фекална канализација, од која еден крак минува низ улицата која е предмет на изградба преку програмата за рурален развој и започната е реализација и на двата проекта. За да се запазат градежните нормативи во текот на градбата , стопирана е изградбата на улицата , со цел веднаш кога се изгради фекалната канализација, се продолжи и со доизградба на улицата. Изведувачот, Стоименов-Дооел, не го исполнува потпишаниот договор , не продолжува со изведување на работите и цело време се оправдува дека , изведувачот на фекалната канализација не ја довел улицата во првобитната состојба. Ревизијата е на мислење дека има друга причина тоа што Стоименов –Дооел не ја завршува работата во село Смојмирово, бидејќи тие во исто време работеле и на повеќе други проекти што ги инвестирала општината, и доколку немале услови да работат на изградба на улицата во село Смојмирово, можеле во меѓувреме да работат на другите проекти. Меѓутоа Стоименов Дооел ја повлекла механизацијата и ја прекинале изградбата и на другите проекти. Поради неажурноста на изведувачот Стоименов Дооел, општината изгубила повеќе сретства што веќе ги имала обезбедено од Агенцијата за финансиска подршка. **Поради тоа општината со полно право требала да ја активира Гаранцијата за**

сериозноста на понудата и објави негативна референца на ECJH, за изведувачот Стоименов Дооел, но и тоа не го направила.

- Исто така менаџерскиот тим кој бил вклучен во реализацијата на проектот – Реконструкција на улица во село Смојмирово, губеле многу време во континуирана кореспонденција со изведувачот Стоименов Дооел, **која не дала резултати**, бидејќи изведувачот не ги испочитувал ниту дополнителните рокови утврдени со Анекс договорот.Менанџерскиот тим во наведениот период нема контакти (писмен траг)дека покрај контактите со Стојменов Дооел контактирале и со другиот изведувач на фекалната канализација - Конструктор ДОО Скопје, за да се утврди кога треба да биде завршена нивната интервеција на улицата која е предмет на ревизија. Известувањето бр.03/92 од 22.05.2017 од Конструктор ДОО Скопје до општината е веќе закаснето бидејки рокот за изградба на улицата склучен помеѓу општината и Стоименов Дооел е 31.05.2017год.

- Во известуањето бр.0302-43/2017год.од Стојменов Дооел Кочани е наведен долг на Општина Берово спрема Стоименов Дооел во износ од 8.209.048,00 ден.што е и една од причините за непродолжување на активностите. Оваа побарување произлегува од неплатени неколку времени ситуации, или дел од нив. Причина за неплачањето на наведениот долг, е од сторената финансиска недисциплина во реализацијата на буџетите неколку години уназад, градени се проекти кои не се предвидени во програмата на Општината (Градска капела, мост во с.Митрашинци и др.) а се финасирани од буџетот.

-Општина Берово има добиено сертификат за ИСО стандарди(ISO 9001:2008) во кој е пропишана постапката, начинот на изготвување на документацијата. Ревизијата констатира дека голем дел од документацијата е изработена неправилно, со што се отежнува и вршењето на ревизијата.

- Во –Известување бр.08-1996/1 од 20.09.2017 год. доставено до –Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, Градоначалникот на општината ја известува Агенцијата дека поради тоа што Општина Берово има претрпено штета во вид на изгубена корист , **поради што има покрената сутска парница против Стоименов Дооел.** Ревизијата утврди дека до моментот на вршење на ревизијата нема покренато судска парница.

Берово 16.03.2018година

Контролирал

Раковод. на одделение за

внатрешна ревизија

Митко Илијевски

И з г о т в и л

Внатрешен ревизор

Марина Предарска